Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-362/2

19-07-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 362 од 27.06.2022 година, поднесена од [redacted] против Министерство за одбрана на Република Северна Македонија, [redacted], за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 19.07.2022 години, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ЗАПИРА** постапката за заштита од дискриминација заведена под бр. 08 – 362 од 27.06.2022 година поведена од [redacted] заради судска постапка за дискриминација.

### О б р а з л о ж е н и е

На 27.06.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] против Министерство за одбрана на Република Северна Македонија, [redacted] и [redacted], за сторена дискриминација по основ на етничка припадност во областа на работа и работни односи.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација постапувајќи по претставка од истиот подносител, за истата правна работа во постапката со бр. 08- 145, дојде до сознанија дека во тек е судска постапка за заштита од дискриминација пред Основен граѓански суд Скопје. По поднесено барање за доставување на информации до Основен граѓански суд Скопје, до Комисијата пристигна известување во кое е наведено дека во судот е заведена тужба РО-1094/20, во која како тужител се јавува лицето [redacted] а како тужени се Министерството за одбрана, [redacted], по основ дискриминација.

Согласно член 27 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:
*„Комисијата носи заклучок за непостапување или за запирање на постапката по претставката во случај кога постапката пред судот за истата работа е веќе поведена или се поведува во тек на постапката или правосилно е завршена и за тоа го известува подносителот на претставката."*

Скопје
19.07.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:
- [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk